**Известување за концентрација со која Халк Банка АД Скопје ќе стекне контрола над Друштвото за осигурување Нова Осигурување АД Скопје (предмет бр.** 08-91/2018)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 53/18) на ден 19.12.2018 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која Халк Банка АД Скопје ќе стекне контрола над Друштвото за осигурување Нова Осигурување АД Скопје, преку купопродажба на акции.

1.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Халк Банка АД Скопје, со седиште на ул. Свети Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје и приоритетна дејност – друго монетарно посредување.

Друштво за осигурување Нова Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. 1737 бр. 32, 1000 Скопје и приоритетна дејност – неживотно осигурување.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација треба да се дефинира како пазар на неживотно осигурување.

2.Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

3.Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.12.2018 година
Скопје